Наративен извештај за септември 2020 година

- Кабинет на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец септември 2020 година, активностите на директорот Китанов беа прилагодени согласно со препораките на Владата и Министерството за здравство за потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на пандемијата со коронавирусот COVID 19 која се појави во Република Северна Македонија, како и во останатите држави во светот.

Дел од активностите на директорот Китанов се одвиваа теренски со увид и присуство на медиуми, а дел беа интерни, но јавноста за нив беше известена преку веб страницата на ЈПДП и офоцијланиот фејсбук профил на претпријатето.

Па така беше извршен теренскиот увид на рехабилитацијата на автопатот А1, делница Катланово – Петровец, заедно со министерот за транспорт и врски Благој Бочварски. Градежните активности опфаќаат обнова на двата коловоза и проширување. Имено рехабилитацијата со проширување изнесува 5,179 км од десниот коловоз и 4,752 км од левиот коловоз, во вредност од 7,2 милиони евра. Градежните активности се во тек, се врши гребење на постоечкиот асфалт и проширување со плус уште една коловозна лента. На овој потег сега има само две коловозни ленти. Проширувањето ќе биде во внатрешниот зелен појас на автопатот, со што ќе се избегне дополнителна експропријација. На левиот коловоз ќе се руши постоечкиот мост над Ржаничиски канал од причина што мостот е со две коловозни ленти и ќе се изгради нов со три коловозни ленти. И на десниот коловоз на оваа делница ќе се изврши рехабилитација на постоечкиот коловоз, а пред клучката Катланово во должина од околу 460 метри ќе се прошири со уште една лента, каде што исто така сега има само две ленти. На десниот коловоз ќе се изврши само рехабилитација на мостот над

Ржаничискиот канал. Средствата за оваа делница се обезбедија од Европска Банка за обнова и развој.

Теренскиот увид од страна на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов и министерот за транспорт и врски Благој Бочварски, продолжи на изградбата на мостот на река Пчиња кој ги поврзува Долно и Средно Коњаре кој е во завршна фаза. Инвестицијата е вредна 67 милиони денари. Овој мост е врска помеѓу двата автопати Миладиновци - Штип и Скопје - Велес. Должината на мостот е 133,20м, широк 8 м со два коловоза и со два тротоари каде што може граѓаните безбедно да комуницираат од едната на другата страна на реката. Мостот е целосно нов, тој е веќе комплетно направен и е најдолгиот мост на регионален пат во нашата држава.

Во периодот што заврши едно од активностите на ЈП за државни патишта е санација на свлечиште во селата Јанче и Скудриње. На регионалниот пат Р1202, меѓународен пат кој не поврзува со Република Албанија, поточно на делницата Жировница-Бошков мост во близина на село Јанче и на село Скудриње се појавија свлечишта, односно слегнувања и деформации на патот како последица од ерозивни дејствија на реката Радика која тече по должина на патот што влијае за небезбедно одвивање на патот.

За првото свлечиште кај село Јанче санацијата е предвидено да се изведува во две фази. Првата фаза опфаќа изведба на армирано бетонска потпорна конструкција со вкупна должина од 45 м. фундирана на триесет армирано бронски колови со пречник 60 см. и висина до 8,4 м. Вторта фаза од санацијата опфаќа изведба на габионски ѕид во должина од 40м. под самата армирано бетонска потпорна конструкција која ќе служи како заштита од ерозивните дејсвија на река Радика. Санцијата на второто свлечиште кај село Скудриње опфаќа изведба на армирано бетонска потпорна конструкција со вкупна должина од 70м. фундирана на педесет и пет армирано бронски колови со пречник 80 см. и висина до 8 м. По завршувањето на предвидените ѕидови ќе се изврши комплетна реконструкција на патот во рамките на зоната на свлечиштето. Активности за санација на свлечиштата отпочнаа и во моментов изведувачот започна работа на свлечиштето во Скудриње, а се работи на бушење, армирање и бетонирање на колови. Избетонирани се три армирано бетонски колови.

Предвиден буџет за санација на двете свлечишта е 22.3 милиони денари, а рокот за извршување на работите е до август 2021 година.

Една од важните активности која е во завршна фаза е рехабилитацијата на регионалниот пат Р2337 делница Крушево-Слива-Пуста Река, во должина од 14км и вредност од 48,42 милиони денари. Оваа делница е важна не само заради квалитетот на живеењето на граѓаните, туку и за влијанието на развојот на руралниот туризам.

Завршена е поправката и рехабилитацијата на А4 делница, Струмица-Ново Село, во должина од 2,9км и вредност од 23,75 милиони денари.

Директорот Зоран Китанов ја извести јавноста дека на ден 4.9.2020 година е објавен Тендерот за Комплетирање на изградба на експресен пат Градско – Прилеп, делница Фариш – Дренови, од км 0+000 до км 10+197. Средствата се обезбедени преку заем од Европска Банка за обнова и развој. Поканата за поднесување на понуди беше објавена на web страната на ЕБРД, т.е на Порталот за електронски набавки ECEPP EBRD, како и на web страната на Јавното претпријатие за државни патишта. Краен рок за пдонесување на понудите е 03.11.2020 година.

Заврши втората фаза од рехабилитацијата на регионалниот пат Р1309 делница Кочани - Пониква, во должина од 7,4км и вредност од 49,09 милиони денари. Да потсетиме дека првата фаза во должина од 12 км ЈП за државни патишта ја заврши во 2019 година, а со завршувањето на втората фаза комплетно е рехабилитирана целата делница Кочани-Пониква.

Директорот на ЈП за државни патишта, како и секогаш транспарентен и отворен за соработка одговори на бројни новинарски прашања на неколку македонски телевизиските куќи и портали секако во делот на патната инфраструктура.